ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-163/11**

**Дата: 23.08.2010**

**ДО**

**ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КОЧО РАЦИН“ - СКОПЈЕ.**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Основното училиште (во понатамошниот текст ОУ) „Кочо Рацин“ - Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности, за 2009 година.

Ограничениот делокруг на ревизијата поради неуредната сметководствена евиденција влијаеше ревизијата да не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Од сите аспекти што ревизијата ги утврди како позначајни може да се истакнат неуредната сметководствена евиденција која има влијание на реалноста и објективноста на прикажаните позиции во финансиските извештаи за 2009 година, и преземањето обврски кон надворешни субјекти за извршени услуги на учениците (ужина, екскурзии, фотографирање, обезбедување на објект и сл.) кои во одредени ситуации се подмируваат од средства на училиштето.

За надминување на утврдените состојби што ревизијата ги утврди потребно е директорот на училиштето да го информира основачот - Општина Центар и Министерството за образование и наука за значајноста на проблемите и секој во рамките на своите надлежности да преземе соодветни мерки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 8 до страна 10) заедно со ревизија на усогласеност на ОУ „Кочо Рацин“ – Скопје - сметка за буџет од самофинансирачки активности, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2009, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ОУ „Кочо Рацин“ – Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Пенка Чудо, директор од 27.10.2000 до 30.10.2009 година и
- Менка Трепалковска, директор од 30.10.2009 до 14.01.2010 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ОУ „Кочо Рацин“ – Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 19.04.2010 до 31.05.2010 година кај ОУ „Кочо Рацин“ – Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 25.05.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 29.06.2010 година

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 3.1 Усогласеност со закони и прописи

3.1.1 На ден 23.12.2009 година склучен е договор за компензација на закуп на фискултурната сала на училиштето во висина од 421 илјада денари со кошаркарски клуб според кој закупопримачот се обврзал да изведе градежни работи за реновирање на фискултурната сала во износ на договорената закупнина. Училиштето нема добиено согласност од основачот за склучување на ваков договор, ниту е извршен пренос на сопственоста на објектот од Република Македонија на Општина Центар согласно Одлуката на Владата од 2005 година. Имајќи предвид дека објектот издаден под закуп е сеуште сопственост на РМ не е постапено согласно член 17 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи според кој ваков вид на договор е дозволен само во случај кога предметот на закуп не е во

употреблива состојба. Бидејки постапката на издавање објект под закуп од страна на директорот не е спроведена транспарентно и во согласност со закон, создадени се услови за бесправно стекнување имотна корист од страна на закупопримачот.

**Препорака**
Училишето во иднина да не склучува вакви договори додека не го реши сопственичкиот статус на објектите и правото на користење и располагање на истите.

3.1.2 Училиштето остварило приходи од учениците по основ на уплати за ужина, за настава во природа, фотографирање и обезбедување на објектот во вкупен износ од 4.367 илјади денари. По инструкции дадени од Општина Центар, родителите на учениците ги уплаќаат средствата на жиро сметката на училиштето кое врз основа на добиена фактура врши плакање кон добавувачот. За овие услуги училиштето има склучено договори со добавувачите на услугите. Со оглед на тоа што училиштата немаат право да остваруваат приходи по било кој друг основ, освен наведените во членовите 162 и 165 од Законот за основно образование кои предвидуваат приходи од Буџетот на РМ, легати, подароци и завештанија, училиштето си земало обврска да врши наплата и плакање на средствата кои ги должат родителите на учениците кон добавувачите на услугите. Како резултат на ненаплатени побарувања од учениците, училиштето презема туѓи обврски кои треба да ги плати од сопствени средства на училиштето и со тоа корисниците на услугите да се доведат во нерамноправна положба.

**Препорака**
Општина Центар да изврши преиспитување на исправноста на дадените инструкции околу начинот на подмирување на обврските на учениците со уплата и трансфер на средствата преку жиро сметката на училиштето и да изнајде друг посоодветен начин со кој не би се создавала финансиска обврска на училиштето.

3.1.3 Општината Центар во својство на основач на ОУ „Кочо Рацин“ до датумот на ревизијата не успеала да ја заврши постапката за пренос на правото на сопственост на објектот на ОУ „Кочо Рацин“ од државна во општинска сопственост согласно Одлуката на Владата за пренесување на основачките права и обврски на постојните основни училишта на општините и пренесување на правото на сопственост на објекти, од 2005 година. Ревизијата утврди остварени приходи од закуп на објекти во 2009 година во вкупен износ

од 517 илјади денари, кои согласност член 7 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи треба да се уплаќаат во Буџетот на Република Македонија.

**Препорака**
Одговорните лица во Општина Центар да ја забрзаат постапката за пренос на правото на сопственост врз објектот во кој е сместено училиштето. Потоа да изготват акт со кој ќе се уреди начинот на прибирање на средства од закупнини и намената за која овие средства ќе се користат.

**3.2 Финансиски извештаи**

3.2.1 Ревизијата утврди неуредна и неажурна сметководствена евиденција во деловните книги на училиштето (главна книга и помошни книги), поради што констатира повеќе грешки кои се одразуват на вистинитоста на податоците во финансиските извештаи, неприменување на основното буџетско начело на парично искажување и неусогласеност на податоците во официјално доставените финансиските извештаи кај надлежните институции со бруто билансот од сметководствената евиденција. Ваквата состојба не ни даде доволно уверување за реалноста и објективноста на искажаните позиции во завршната сметка за 2009 година.

3.2.2 Со извршените постапки за верификација на искажаните позиции од Билансот на состојба и главната книга од сметководствената евиденција, ревизијата утврди неизвршен пренос на крајните состојби од претходната година како почетни состојби во тековната 2009 година, и несоодветно спроведени книжења на настанати деловни промени во тековната година. Како резултат на овие слабости не е утврдена усогласеност на состојбата на активата и пасивата на почетокот на годината за износ од 484 илјади денари и на крајот на годината за износ од 160 илјади денари. Ваквата неусогласеност на состојбите помеѓу сметководствената евиденција и финансиските извештаи што е резултат на непочитување на одредбите од член 7 и 9 на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници има за ефект нереално и необјективно прикажување на билансните позиции во финансиските извештаи на ден 31.12.2009 година.

**Препорака**
Подготовката на финансиските извештаи да се врши врз основа на состојбите во сметководствената евиденција и со целосно почитување на основните

сметководствени начела и законските прописи. Внесувањето на податоци во деловните книги да се врши ажурно и паралелно со настанатите деловни трансакции, а за сите сметководствени промени со свој потпис да гарантира одговорниот сметководител.

## 4. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесеното во точките 3.2.1 и 3.2.2 погоре, кои се однесуваат на грешки и несигурности во евидентираните сметководствени настани како резултат на неизвршен пренос на крајните состојби од 2008 година во 2009 година, и несоодветно книжење на тековните деловни промени, ревизијата не изразува уверување во однос на искажаните билансни позиции од Билансот на состојбата на ден 31.12.2009 година. Изнесените наоди во точките 3.1.2 и 3.1.3 кои се однесуваат на неосновано остварени приходи од закуп на објекти во вкупен износ од 4.884 имаат влијание на објективноста на Билансот на приходи и расходи за 2009 година.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2.1 и 3.2.2 ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на на Основното училиште „Кочо Рацин“ - Скопје, сметка за буџет од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2009 година

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1.1 до 3.2.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Основното училиште „Кочо Рацин“ - Скопје - сметка за буџет од самофинансирачки активности, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 30 јули 2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 5,541 | 3,735 |
| **Вкупно приходи** | **5,541** | **3,735** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 4,412 | 3,440 |
| Субвенции и трансфери | 65 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **4,412** | **3,440** |
| **Вкупно расходи** | **4,412** | **3,440** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **1,129** | **295** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **1,129** | **295** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 965 | 295 |
| Побарувања | 672 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 672 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,637** | **295** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **1,637** | **295** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 797 | 295 |
| Пасивни временски разграничувања | 680 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,637** | **295** |
| | | |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **1,637** | **295** |